# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „СООБРАЌАЈ ВО ТУРИЗМОТ“ (СКРИПТА) ОД АВТОРИТЕ Д-Р ЦАНЕ КОТЕСКИ И М-Р ВЛАДИМИР КИТАНОВ ПО ПРЕДМЕТОТ СООБРАЌАЈ ВО ТУРИЗМОТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Врз основа на член 52 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр.35/08, 103/08, 26/09 и 99/09, 115/10 и 17/11 год.), а во согласност со точка 6 од Правилата за издавање учебници и учебни помагала на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип („Универзитетски гласник“ бр. 19/2011 и бр. 21/2011), Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија на 107. седница, одржана на 17.1.2014 година, донесе Одлука број 2602-38/11 за избор на рецензенти за издавање „Скрипта по сообраќај во туризмот“ по предметот Сообраќај во туризмот.

За рецензирање на ракописот „Скрипта по сообраќај во туризмот” од авторите д-р Цане Котески и м-р Владимир Китанов се избрани следниве рецензенти:

– д-р Никола Панов, редовен професор, Институт за географија, ПМФ - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје;
– д-р Никола В. Димитров, вонреден професор, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот за скриптата **„Сообраќај во туризмот“** од авторите доц. д-р Цане Котески и асис. м-р Владимир Китанов е компактибилен со Наставната програма на предметот Сообраќај во туризмот, што се изучува на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во IV семестар на додипломските студии.

Предметот, согласно со Наставната програма за учебната 2013/2014 година, се вреднува со 6 кредити.

Ракописот за скриптата „Сообраќај во туризмот“ е напишана со нормален проред, фонд Ariel со македонска поддршка, големина на буквите 12 и има вкупно 167 страници, во А-4 формат. Предложениот обем по содржина ги задоволува критериумите според предвидениот број часови, при што се слуша како задолжителен предмет на насоката Туризам со 2+2+1 во IV семестар.

Текстот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите, а кои се однесуваат на реализација на наставните часови во рамките на предметот Сообраќај во туризмот.

Композицијата на истата е направена според тематски содржини кои одговараат на оваа проблематика а, покрај другото, применета е и соодветна методологија, како и методски принципи кои соодветствуваат во истражувачкиот процес применлив за вакви содржини.

Инаку, скриптата е презентирана низ седум глави, 32 поглавја и 97 потпоглавја. Покрај тоа, таа е збогатена и со уште 11 графички прикази, 29 табели, 26 колор фотографии и три карти со што ја зголемува теоретската и апликативната вредност. Во скриптата се цитирани 25 содржини кои се распоредени според важноста и применливоста во тематските содржини.

Во *првата глава,* односно во воведниот дел од текстот, авторите ги презентираат основните карактеристики на сообраќајот како активност. Во таа насока, тие го објаснуваат поимот и карактерот на сообраќајот, потоа историските услови за неговата

појава како самостојна активност, а подоцна го воведуваат терминот туристички сообраќај. Во продолжение на главата станува збор за концептот на сообраќајните системи, а потоа се опишуваат и ставаат во директна апликација сообраќајните средства, предметот на сообраќајот, сообраќајниот процес, сообраќајниот пат, сообраќајната инфраструктура и сл. На крајот, авторите говорат  и за сообраќајот како стопанска дејност.

*Втората глава* говори за меѓузависноста на сообраќајот и туризмот. Овде авторите се осврнуваат на позитивните аспекти на меѓузависноста на овие терциерни дејности, за синергија на истите, нивните меѓусебни ограничувања, како и за туризмот како систем. Во таа насока авторите сообраќајот го вбројуваат како потсостав на туризмот што, од своја страна, претставува мошне респектабилен заклучок.

Во оваа глава станува збор уште и за управувањето со системите на туризмот и сообраќајот, сообраќајната и туристичката политика, како и за сообраќајот и туризмот во системот на глобалните процеси, односно глобализацијата.

*Третата глава* е наменета за проблематиката која ги поврзува сообраќајот со рецептивните подрачја. Овде, главен акцент е ставен врз превозот во патниот, железничкиот, воздушниот, поморскиот, речниот и останатите видови сообраќај и нивната меѓузависност со туризмот.

Во *четвртата глава* станува збор за сообраќајот како самостоен  и доминантен дел на туристичкиот производ. Овде темата е обработена во прилично голем број поглавја и потпоглавја, од кои најзначајно место повторно заземаат сите видови сообраќај коишто се спомената во претходната глава. Така, во патниот сообраќај станува збор за сите видови автобуски екскурзии, како и за такси сообраќајот. Во сегментот за железничкиот сообраќај станува збор за туристичкиот превоз со помош на железницата на различни видови растојанија, потоа панорамскиот превоз, таканаречените скијачки возови, жичници и ски-лифтови, како и градските лифтови и жичници. Овде, како што веќе  напоменавме, се говори и за воздушниот сообраќај со преглед на најразличните дестинации и типови туристички летови, како и за поморскиот и речниот сообраќај, исто така со објаснување и обработка на најголемиот дел од видовите туристички патувања кои се изведуваат по водни патишта.

*Петтата глава* обработува една доста сложена, но и прилично интересна проблематика од обласста за којашто станува збор. Овде се говори за сообраќајот и неговата улога во снабдувањето на туристичките дестинации, односно за неговата улога во логистиката во туризмот. За таа цел авторите на почетокот од оваа глава го дефинирале и го објасниле поимот и целта на логистиката, а подоцна се осврнале и на претпоставките на логистичкиот концепт на дестинациите, потоа  на квантитативните и квалитативните промени во потрошувачката на стоките  и услугите во туристичките дестинации во текот  на една туристичка сезона, на логистичкиот концепт во туристичките дестинации и слично, за да на крајот од главата да ги образложат системот и функционирањето на оптимизацијата на набавките и снабдувањето со стока за широка потрошувачка во туристичките дестинации.

Во *шестата глава* се говори за економиката и експлоатацијата на сообраќајните средства и сообраќајната инфраструктура. Слично како и во останатите поглавја, така и во ова, станува збор за проблематика без која не би можела да се воспостави една функционална концепција кога станува збор за проблематиката во скриптата. На почетокот од главата, Котески и Китанов говорат за детерминантите на квалитетот на сообраќајните услуги во областа на туризмот. Ова поглавје претставува еден вид основа врз која подоцна се надоврзуваат останатите битни потпоглавја, како што се: основата за утврдување на вредноста на сообраќајните услуги, трошоците во сообраќајот, нивните поими и специфичности, формирањето на цената на услугите кои се даваат во сите видови сообраќај, меѓузависноста на капацитетите и побарувачката, димензионирањето според различните видови побарувачка и сл. На крајот од главата авторите, покрај другото, ги детерминираат сообраќајните средства во мирување, како и причините за таквата нивна состојба но тие даваат и проекција за решавањето на мирувањето на патните возила во градовите.

Во *седмата,* односно во последната *глава* станува збор за безбедноста и заштитата на животната средина, односно за детерминантите и одредниците на развојот на сообраќајот во туризмот. Како главна тема на оваа глава се наметнува безбедноста во сообраќајот, што авторите ја сфаќаат мошне сериозно и истата ја обработиле со сите можни компоненти и варијации. Овде, пред сѐ, тие говорат за влијанието на човекот како основен фактор во сообраќајот, но и за некои останати фактори. На крајот од главата, што е сосема вообичаено за вакви текстови а покрај другото, станува збор за концептот на одржливиот развој на сообраќајот и туризмот, а сето тоа во врска со животната средина.

## З А К Л У Ч О К

На крајот би заклучиле дека скриптата „Сообраќај во туризмот“ од авторите доц. д-р Цане Котески и асис. м-р Владимир Китанов претставува сериозна стручна публикација која ги опфаќа најголемиот број елементи и компоненти во истражувачкиот, едукативниот и наставно-образовниот сегмент во делот на сообраќајот и туризмот. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Сообраќај во туризмот, што го изучуваат студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија при Универзитетот „Гоце Делчев – Штип, во IV семестар на додипломските студии на насоката Туризам.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање е-скрипта, пропишана според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Истата е напишана во мошне разбирлив стил за скоро сите видови читатели, а најмногу за оние коишто се занимаваат со истражувањето и изучувањето на сообраќајот и на туризмот како едни од најактивните терциерни дејности. Според тоа, покрај за широката читачка популација, таа најмногу може да користи за студентите од факултетите за туризам и угостителство, потоа за оние кои ги изучуваат бизнис логистиката, гастрономијата, за оние коишто се занимаваат со хотелиерството и сл.

**Рецензентската комисија предлага ракописот „Сообраќај во туризмот“ од авторите доц. д-р Цане Котески и асис. м-р Владимир Китанов да биде издадена во електронска форма како е-скрипта за потребите на студентите на додипломските студии на насоката Туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Никола Панов, ред. проф., с.р.**
**Д-р Никола В. Димитров, вон.проф., с.р.**